20260460759

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 85 став (4), а во врска со член 88 став (7) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство објавува

# ЛИСТА НА ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО КОИ НЕ ПОДЛЕЖАТ НА ИНСПЕКЦИЈА ПРИ УВОЗ И ТРАНЗИТ ОД СТРАНА НА ОФИЦИЈАЛЕН ВЕТЕРИНАР НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН (*)

I

Производи од животинско потекло, кои не подлежат на инспекција при увоз и транзит од страна на официјален ветеринар на граничен премин се:

а) мешовити производи кои нема потреба да се транспортираат или чуваат под контролирани услови (во понатамошниот текст: стабилни на собна температура) и кои во својот состав не содржат производи кои се добиени од колострум или преработено месо освен желатин, колаген и високо рафинирани производи, доколку ги исполнуваат следните барања:

- потекнуваат од трети земји кои се на листата на одобрени земји за увоз на производот од животинско потекло кој се содржи во мешовитиот производ, дадени во Прилог 6 од Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (*1);
- производите од млеко и производите од јајца кои се содржат во мешовитите производи стабилни на собна температура, се пропратени со приватна изјава од увозникот со која се гарантира специфичен третман за намалување на ризикот од внесување на болести кои се пренесуваат со тие производи;
- јасно се идентификувани како наменети за исхрана на луѓе;
- безбедно се спакувани или запечатени во чисти контејнери и

б) мешовити прозводи кои се стабилни на собна температура и производите од животинско потекло кои се дел од финалниот производ се дефинирани како адитиви, ензими за храна и ароми за храна согласно Законот за безбедност на храната (*2) или животинската компонента е само витамин Д3 и тоа:

| CN код | Појаснување |
|---|---|
| (1) | (2) |
| 1704, ex 1806 | Кондиторски производи (вклучувајќи и слатки) и бело чоколадо, кои не содржат какао и кондиторски производи (вклучувајќи и слатки), чоколади и други прехранбени производи, намази и подготовки за правење пијалоци, кои содржат какао и кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 1902 19, ex 1902 30, ex 1902 40 | Теста, резанци, кус-кус кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |

| | |
|---|---|
| Ex 1902 10, ex 1902 20, ex 1902 90 | Подготвена храна добиена со бабрење или печење на житарки или производи од житарки, подготвена храна добиена од непечени житни снегулки или од мешавини на непечени житни снегулки и печени житни снегулки или нababрени житарки кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел (пример житарки, мусли, граноли).<br>Подготвена храна добиена од ориз и други житарки кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 1905 10, ex 1905 20, ex 1905 31, ex 1905 32, ex 1905 40, ex 1905 90 | Леб, колачи, готови пецива, бисквити (вклучувајќи крекери), вафли и обланди, двопек, тостиран леб и други тостирани производи и чипс кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 2001 90 65, ex 2005 70 00, ex 1604 | Маслинки полнети со риба кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 2005 20 20 | Чипс од компир наменет за директна конзумација кој ги исполнува барањата од точка а) од овој дел. |
| 2101 | Екстракти, есенции и концентрати, од кафе, чај или мате-чај и препарати на база на овие производи или на база на кафе, чај или мате-чај кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел.<br>Печена цикорија и други печени додатоци за кафе и нивни екстракти, есенции и концентрати, кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 2103 | Мисо (јапонски додаток на храна) кој содржи мала количина на концентрат од рибја супа и соја сос кој содржи мала количина на концентрат од рибја супа, кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 2104 | Готови супи и зачини спакувани за крајниот потрошувач, кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 2106 | Додатоци за храна спакувани за крајниот потрошувач, кои содржат преработени производи од животинско потекло (вклучувајќи глукозамин, хондроитин и/или цитосан) кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |
| Ex 2208 70 | Ликери и кордијали кои ги исполнуваат барањата од точка а) од овој дел. |

II

За практична примена на оваа листа, кратенките на колоните го имаат следното значење:

1. Колона (1) – CN код

Во оваа колона е наведен CN кодот. CN кодот е базиран на Хармонизираниот систем утврден во Меѓународната конвенција на хармонизираниот систем на имиња и шифрирани ознаки на стоката согласно член 19 став (3) точка а) од Царинскиот закон. CN

кодот го претставува тарифниот број и тарифниот подброј на Хармонизираниот систем до шест цифри, со седма и осма бројка кои ги креираат понатамошните тарифни подброеви за кои се определени.

Кога се применува четири, шест или осум цифрен код кој не е означен со „ex“ и освен ако не е поинаку определено, сите мешовити производи со префикс или опфатени со овие четири, шест или осум цифрени кодови не подлежат на инспекција при увоз и транзит од страна на официјален ветеринар на граничен премин на ветеринарно инспекциско место на граничен премин.

Кога само одредени специфицирани производи под било кој четири, шест или осум цифрен код содржат производи од животинско потекло и не постои специфична поделба под овој код во CN, кодот се означува како Ex (на пример Ex 2001 90 65: ветеринарна проверка не е потребна за производите од Колона (2) од дел I од оваа листа).

2. Колона (2) – Појаснување

Оваа колона дава детали за мешовитите производи кои не подлежат на инспекција при увоз и транзит од страна на официјален ветеринар на граничен премин на ветеринарно инспекциско место на граничен премин.

III

Со денот на отпочнувањето на примената на оваа листа престанува да важи Листата на производи од животинско потекло кои не подлежат на инспекција при увоз и транзит од страна на официјален ветеринар на граничен премин (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/18).

IV

Оваа листа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 10 март 2026 година.

Бр. 02-867/1
27 февруари 2026 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

---

(*) Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло е усогласен со Регулативата (ЕЗ) бр. 282/2004 на Комисијата од 18 февруари 2004 година за воведување на документ за декларација и ветеринарни прегледи и на животни кои влегуваат во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32004R0282); Регулативата на Комисијата бр. 2004/136 за процедури при проверка на производи од животинско потекло кои влегуваат во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32004R0136); Одлуката на Комисијата 97/794/ЕС од 12 ноември 1997 година во која се утврдени одредени детални правила за примена на Директивата на Советот 91/496/ЕЕЗ за ветеринарни прегледи на животни кои треба да се увезат од трети земји (CELEX бр.

31997D0794); Регулативата бр. 1/2005 на Советот од 22 декември 2004 година за заштита на животните при транспорт и сродни постапки и за изменување на Директивите 64/432/ЕЕЗ и 93/11/ЕЗ и на Регулативата бр. 1255/97(ЕЗ) (CELEX бр. 32005R0001); Регулативата на Советот бр. 338/97 од 9 декември 1996 година за заштита на загрозени видови флора и фауна преку регулирање на нивната трговија (CELEX бр. 31997R0338); Директивата бр. 91/496/ЕЕЗ на Советот од 15 јули 1991 година за утврдување начела со кои се регулира организацијата на ветеринарните прегледи за животни кои влегуваат во Заедницата од трети земји и дополнение на Директивата 89/662/ЕЕЗ, 90/425/ЕЕЗ и 90/675/ЕЕЗ (CELEX бр. 31991L0496); Директивата на Советот 97/78/ЕС од 18 декември 1997 година со која се утврдуваат принципите за организација на ветеринарните проверки на производите кои влегуваат во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 31997L0078); Одлуката на Комисијата 2004/292/ЕЗ од 30 март 2004 година за воведување на системот Traces и изменување на Одлукатата 92/486/ЕЕЗ (CELEX бр. 32004D292); Регулативата на Европскиот Парламент и на Советот бр. 2001/999/ЕЗ од 22 мај 2001 година за превенција, контрола и ерадикација на  одредени трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии во Заедницата (CELEX бр. 32001R0999); Одлуката на Комисијата бр. 2007/240 од 16 април 2007 година за формата на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз на живи животни, семе, ембриони, јајце клетки и производи од животинско потекло во Заедницата во согласност со Одлуките 79/542/ЕЕЗ, 92/260/ЕЕЗ, 93/195/ЕЕЗ, 93/196/ЕЕЗ, 93/197/ЕЕЗ, 95/328/ЕЗ, 96/333/ЕЗ, 96/540/ЕЗ, 200/572/ЕЗ, 2000/585/ЕЗ, 2000/666/ЕЗ, 2002/613/ЕЗ, 2003/56/ЕЗ, 2003/779/ЕЗ, 2003/804/ЕЗ, 2003/858/ЕЗ, 2003/863/ЕЗ, 2003/881/ЕЗ, 2004/407/ЕЗ, 2004/438/ЕЗ, 2004/595/ЕЗ, 2004/639/ЕЗ, 2006/168/ЕЗ (CELEX бр. 32007D240); Одлуката на Комисијата 94/360/ЕЗ од 20 мај 1994 година за намалување на интензитетот на физичките проверки на пратките на одредени производи кои се внесуваат од трети земји, според Директивата 90/675/ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 31994D0360); Одлуката на Комисијата Бр. 2004/438/ЕЗ од 29 април 2004 со која се утврдуваат барањата за здравјето на животните и за јавното здрвство и ветеринарно здравствена сертификација за увоз во Заедницата на термички обработено млеко, производи од млеко и сирово млеко наменето за човечка употреба (CELEX бр. 32004D0438); Регулативата за спроведувањена Комисијата (ЕЗ) бр.  139/2013 од 7 јануари 2013 година со која се утврдуваат барањата за здравствена заштита за увоз на одредени птици во унијата и условите за карантин за истите (CELEX бр. 32013R0139); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 2010/206/ЕЕЗ од 12 март2010 со која се изготвува листа на трети земји или делови од трети земји, и се пропишуваат барања за изготвување на сертификати за здравјето на животните и јавното здрвство и ветеринарно здравствени сертификати, за увоз во Заедницата на одредени живи животни и свежо месо од истите (CELEX бр. 32010R0206); Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2018/659 од 12 април 2018 година за условите за влез во Унијата на живи еквиди и на семе, јајце клетки и ембриони од копитари (CELEX бр. 32018R0659); Одлуката на Комисијата бр. 92/260/ЕЕЗ од 10 април 1992 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за привремен увоз на регистрирани коњи (CELEX бр. 31992D0260); Одлуката на Комисијата бр. 93/195/ЕЕЗ од 2 февруари 1993 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за повторен увоз на регистрирани коњи за трки, натпревари и културни манифестации по извршен привремен извоз (CELEX бр. 31993D0195); Одлуката на Комисијата бр. 93/196/ЕЕЗ од 5 февруари 1993 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за увоз на коњи за колење (CELEX бр. 31993D0196); Одлуката на Комисијата бр. 93/197/ЕЕЗ од 5 февруари 1993 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за увоз на регистрирани коњи и коњи за одгледување и производство

(CELEX бр. 31993D0197); Директивата на Советот 2009/156/ЕЗ од 30 ноември 2009 година за здравствениstте барања за животните кои се однесуваат на движење и увоз од трети земји на еквиди; Директивата на Советот 92/65/ЕЕЗ од 13 јули 1992 за пропишување на барања за здравствената состојба на животните кои ја регулираат трговијата и увозот на животни, сперма, јајце клетки и ембриони во Заедницата, кои не се предмет на барањата за здравјето на животните пропишани со посебни правила на Заедницата од Анекс А (I) од Директивата 90/425/ЕЕЗ (CELEX бр. 31992L0065); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 119/2009 од 9 февруари 2009 со која се пропишува листа на трети земји или делови од трети земји, за увоз во или транзит низ Заедницата на месо од диви животни од фамилијата Лепориди, од одредени диви сувоземни цицачи и од фармски одгледани зајаци и барања за ветеринарно здравствена сертификација (CELEX бр. 32009R0119); Одлуката на Комисијата Бр. 2007/777/ЕЗ од 29 Ноември 2007 со која се пропишуваат барања за здравјето на животните и за јавното здравство и се пропишуваат барања за изготвување на сертификати за увоз во Заедницата на одредени производи од месо или обработени желудници, мочни меури и црева за човечка употреба од трети земји и укинување на Одлукатата 2005/432/ЕЗ (CELEX бр. 32007D0777); Одлуката на Комисијата бр. 2000/572/ЕЗ од 8 септември 2000 година, за утврдување на условите за здравјето на животните јавното здравство и ветеринарна сертификација за увоз на мелено месо и смеси од месо од трети земји и за укинување на Одлукатата 97/29/ЕЗ (CELEX бр. 32000D0572); Одлуката на Комисијата бр. 2008/592/ЕЗ од 3 јули 2008 година, дополнување на Одлукатата 2000/572/ЕЗ со која се утврдуваат барањата за здравјето на животните и за јавното здравство и ветеринарно здравствена сертификација за увоз на подготовки од месо во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32008D0592); Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 605/2010 од 2 јули 2010 година со која се утврдуваат условите за здравтсвена заштита на животните и заштита на јавноста и условите за ветеринарна сертификација за Европската унија за сирово млеко и млечни производи наменети за исхрана на луѓето (CELEX бр. 32010R00605); Директивата на Советот бр. 2004/68/ЕЗ од 26.4.2004 година со која се утврдуваат прописите за увоз и транзит низ Заедницата на одредени живи копитари, измена на Директивите 90/426/ЕЕЗ и 92/65/ЕЕЗ и повлекување на Директивата 72/462/ЕЕЗ (CELEX бр. 32004L0068); Одлуката на Комисијата бр. 2006/766/ЕЗ од 6 ноември 2006 со која се изготвува листа натрети земји и територии од кои се врши увоз на бивалвни мекотели, ехинодерми, туникати, морски гастроподи и производи од риба (CELEX бр. 32006D0766); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 1251/2008 од 12 декември 2008 со која се имплементира Директивата на Советот 2006/88/ЕЗ во врска со условите и барањата за сертификација за ставање во продажба и увоз во Заедницата на аквакултура и производи од аквакултура и пропишување на листа на вектори преносители (CELEX бр. 32008R1251); Одлука на Комисијата бр. 2003/779/ЕЗ од 31 октомври 2003 со која се пропишуваат барања за здравствената состојба на животните и ветеринарно здравствена сертификација за увоз на црева од животни од трети земји (CELEX бр. 32003D779); Директивата на Советот бр. 1992/118/ЕЕЗ од 17 декември 1992 за утврдување на барањата за здравствената состојба на животните и јавното здрвавство кои ја регулираат трговијата и увозот на производи во Заедницата, кои не се предмет на споменатите барања утврдени со посебни правила на Заедницата од Анекс А (I) од Директивата 89/662/ЕЕЗ, и во однос на патогени од Директивата 90/425/ЕЕЗ (CELEX бр. 31992L0118); Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2016/759 од 28 април 2016 година за изготвување на листи на трети земји, делови од трети земји и територии од кои земјите-членки треба да го одобрат воведувањето во Унијата на одредени производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, за утврдување на барањата за сертификација, за

дополнување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2074/2005 и за укинување на Одлуката 2003/812 / ЕЗ (CELEX бр. 32016R0756); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 798/2008 од 8 август 2008 година за утврдување на листа на трети земји, територии, области или комплекси од кои е дозволено увоз или транзит на живината и производи од живина низ Заедницата и барања изготвување на ветеринарно здравствени сертификати (CELEX бр. 32008R0798); Директивата 2009/158/ЕЗ на Советот од 30 ноември 2009 година за условите за здравствена заштита на животните со кои се регулира трговијата во Заедницата и увозот на живина и јајца за ведење од трети земји (CELEX бр. 32009L0158); Директивата на Советот бр. 90/426/ЕЕЗ од 26 Јуни 1990 за барања за здравствена состојба на животните во врска со увоз на копитари од трети земји (CELEX бр. 31990L0426); Одлука на Комисијата бр. 2008/698/ЕЗ од 8 август 2008 за привремен влез и увоз во Заедницата на регистрирани коњи од Јужна Африка (CELEX бр. 32008D0698); Регулативата на Комисијата бр. 2007/318 за увоз на одредени видови птици и карантински услови за нив во Заедницата (CELEX бр. 32007R0318); Одлуката на Комисијата бр. 96/333/ЕЗ од 3 мај 1996 со која се утврдува ветеринарно здравствена сертификација за живи бивалвни мекотели, ехинодерми, туникати и морски гастроподи од трети земји кои не се опфатени со посебни одлуки (CELEX бр. 31996D0333); Одлуката на Комисијата бр. 1999/120/ЕЗ од 27 јануари 1999 со која се изготвува привремена листа на објекти во трети земји од кои Земјите Членки одобруваат увоз на црева, желудници и мочни меури наменти за човечка исхрана (CELEX бр. 31999D0120); Директивата на Советот бр. 90/539/ЕЕЗ од 15 октомври 1990 за барања за здравјето на животните со кои се регулира трговијата во Заедницата и увоз од трети земји на живина и јајца за ведење (CELEX бр. 31990L0539); Регулативата на комисијата (ЕК) бр. 2074/2005 од 5 декември 2005 година со која се пропишуваат мерките за имплементација на одредени производи од Регулативата (ЕК) бр. 853/2004 на Европскиот парламент и на Советот и на организација на службените контроли од Регулативата (ЕК) 854/2004 на Евроипскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕК) бр. 882/2004 на Европскиот парламент и на Советот, дерогациите од Регулативата (ЕК) бр. 852/2004 на Европскиот парламент и на Советот и за дополнување на Регулативите (ЕК) бр. 853/2004 и бр. 854/2004 (CELEX бр. 32005R2074); Одлуката за спроведување на Комисијата од 21 октомври 2013 година за утврдување на листата на територии и трети земји овластени за увоз на кучиња, мачки и ласици и моделот на здравствен сертификат за таков увоз (CELEX бр. 32013D0519); Одлуката на Комисијата од 11 јули 2001 година за изготвување на привремени листи на објекти од трети земји од кои земјите-членки одобруваат увоз на желатин наменет за исхрана на луѓето (CELEX бр. 32001D0556); Одлуката на Комисијата од 16 март 2011 година за одобрување на планови поднесени од трети земји во согласност со член 29 од Директивата 96/23 / ЕЗ на Советот (CELEX бр. 32011D0163); Директивата 2006/88 / ЕЗ на Советот од 24 октомври 2006 година за барањата за здравствена заштитана на аквакултура и нивните производи и за спречување и контрола на одредени болести кај водните животни (CELEX бр. 32006L0088); Одлуката за спроведување на Комисијата од 20 март 2014 година за укинување на листите на претпријатија од трети земји од кои земјите-членки дозволуваат увоз на одредени производи од животинско потекло, донесени врз основа на Одлуката 95/408/ЕЗ на Советот (CELEX бр. 32014D0160); Одлуката на Комисијата од 3 ноември 2008 година за утврдување на здравствени гаранции за превоз на еднокопитни животни од една трета земја до друга во согласност со член 9 (1) (в) од Директивата 91/496/ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 32008D0907); Одлуката на Комисијата од 26 август 2010 година за увоз на семе, јајце клетки и ембриони од животни од еквиди во Унијата во врска со списоци на центри за собирање и чување на сперма и тимови за собирање и производство на

ембриони и барања за сертификација (CELEX бр. 32010D0471); Одлуката на Комисијата од 2 јуни 1992 година за тестирање на живина за болеста Њукастел пред движењето, со примена на член 12 од Директивата 90/539/ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 31992D0340); Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) бр. 577/2013 од 28 јуни 2013 година за типографските документи за некомерцијално движење на кучиња, мачки и порозници, воспоставувањето на списоци на територии и трети земји и формата, распоредот и јазичните барања на декларациите со кои се потврдува усогласеноста со одредени услови предвидени во Регулативата (ЕУ) бр. 576/2013 на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр. 32013R0577); Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2020/352 од 3 март 2020 година за изменување на Анексот 1 од Регулативата (ЕК) бр. 798/2008 во однос на влезот на Украина во листата на трети земји, територии, области или комплекси од кои е дозволен увоз во или транзит низ Заедницата на одредени пратки на живина во поглед на високо патогена авијарна инфлуенца (CELEX бр. 32020R0352) и Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2020/1166 од 6 август 2020 година за изменување на Анексот 1 од Регулативата (ЕК) бр. 798/2008 во однос на влезот на Соединетите Американски Држави во листата на трети земји, територии, области или комплекси од кои е дозволен увоз во или транзит низ Заедницата на одредени пратки на живина во поглед на високо патогена авијарна инфлуенца (CELEX бр. 32020R1166).

(*2) Законот за безбедност на храната е усогласен со Регулативата (ЕУ) 2017/625 на Европскиот Парламент и на Советот од 15 март 2017 година за службени контроли и други официјални дејствија спроведени со цел да се гарантира примената на законодавството во областа на храна и храна за животни, правилата за здравје и благосостојбата на животните, здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата, за изменување на Регулативите на Советот (ЕЗ) бр. 999/2001, (ЕЗ) бр. 396/2005, (ЕЗ) бр. 1069/2009, (ЕЗ) бр. 1107/2009, (ЕУ) бр. 1151/2012, (ЕУ) бр. 652/2014, (ЕУ) 2016/429 и (ЕУ) 2016/2031 на Европскиот парламент и на Советот, Регулативите (ЕЗ) бр. 1/2005 и (ЕЗ) бр. 1099/2009 и Директивите 98/58/ЕЗ, 1999/74/ЕЗ, 2007/43/ЕЗ, 2008/119/ЕЗ и 2008/120/ЕЗ и укинување на Регулативите на Европскиот парламент и на Советот (ЕЗ) бр. 854/2004 и (ЕЗ) бр. 882/2004, Директивите на Советот 89/608/ЕЕЗ, 89/662/ЕЕЗ, 90/425/ЕЕЗ, 91/496/ЕЕЗ, 96/23/ЕЗ, 96/93/ЕЗ и 97/78/ЕЗ и Одлуката на Советот 92/438/ЕЕЗ (CELEX бр. 32017R0625).